НАЦРТ - ДОГОВОР
за индиректно учество во платниот систем КИБС

Склучен помеѓу:

1. **КЛИРИНШКА КУЌА КЛИРИНШКИ ИНТЕРБАНКАРСКИ СИСТЕМИ АД Скопје**, со седиште на булевар „Кузман Јосифовски Питу“ бр.1, 1000 Скопје, ЕМБС: 5529581, претставуван од генералниот директор Горан Анастасовски, како оператор на платен систем (во понатамошниот текст: оператор на платниот систем КИБС или Операторот), и

2. **----------**, со седиште на -------- во ----------, ЕМБС -------, претставувано од ---------, како учесник во платниот систем (во натамошниот текст: Директен Учесник)

3. **----------**, со седиште на -------- во ----------, ЕМБС -------, претставувано од ---------, како индиректен учесник во платниот систем (во натамошниот текст: Индиректен Учесник)

Во понатамошниот текст именувани како „договорни страни“.

Член 1

Со овој Договор се уредуваат меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни со цел уредување на начинот учество во платниот систем КИБС на Индиректниот Учесник.

Индиректниот учесник учествува во платниот систем КИБС согласно Правилата за работа на платниот систем КИБС кои утврдуваат дека Индиректниот учесник му е познат на Операторот, испраќа и прима налози за пренос во платниот систем КИБС самостојно или преку Директниот учесник (се одбира еден од двата начина кој ќе биде дел од потпишаниот договор), нема сметка за порамнување во МИПС системот на НБ, нема пресметковна сметка во системот на операторот, користи ликвидност на Директниот учесник за порамнување на налозите за пренос и учествува во РГФ преку Директниот учесник.На пресметковната сметка се евидентираат приливите и одливите на директниот учесник во платниот систем КИБС и истата е функционален дел од инфраструктура на платниот систем со кој управува Операторот. На пресметковната сметка на Директниот учесник од чија ликвидност се порамнува Индиректнот учесник, се евидентираат приливите и одливите и на Индиректниот учесник.

КЛИРИНШКА КУЌА КЛИРИНШКИ ИНТЕРБАНКАРСКИ СИСТЕМИ АД Скопје е оператор на платниот систем КИБС врз основа на Дозвола за оператор на платен систем КИБС, издадена од Народна банка на Република Северна Македонија со бр: 14-4313/6 од 27.05.2024 година, во кој покрај Индиректниот Учесник и Директниот Учесник учествуваат и други учесници во согласност со Законот за платежни услуги и платни системи, а регулирани во Правилата за работење на платниот систем КИБС (во натамошниот текст: Правилата).

Директниот Учесник има склучено посебен договор со Операторот врз основа на кој учествува во платниот систем КИБС како директен учесник.

Со овој договор Директниот Учесник презема обврска воедно да делува и во име и за сметка на Индиректниот Учесник како би се овозможило негово учество во платниот систем КИБС на начинот определен во овој Договор и согласно Правилата за работа на платниот систем КИБС и актите по кои работи платниот систем КИБС.

Со потпишување на овој Договор Индиректниот Учесник ги има прифатено Правилата за работа на платниот систем КИБС и актите по кои работи платниот систем КИБС со кои во целост се уредува неговото работење.

Договорните страни се согласни Индиректниот Учесник да учествува во платниот систем КИБС преку Директниот Учесник на начин што за потребите на порамнувањето средствата за порамнување во платниот систем КИБС за Индиректниот Учесник ќе ги обезбедува Директниот Учесник, учествува во РГФ преку директниот учесник, додека размената на налозите за пренос во платниот систем КИБС Индиректниот Учесник ќе ги доставува самостојно или во име и за сметка на Индиректниот Учесник ќе ги обезбедува Директниот Учесник (се одбира еден од двата начина кој ќе биде дел од потпишаниот договор), за што Индиректниот Учесник ќе склучи посебен соодветен меѓусебен Договор со Директниот Учесник во кој детално ќе ги регулираат сите услови како и своите права и обврски.

Во случај на промена на типот на учество на Индиректниот Учесник во платниот систем КИБС и/или на неговиот начин на поврзување во платниот систем КИБС, согласно претходниот став, како и на договорот склучен со Директниот Учесник, Индиректниот Учесник и Директниот Учесник се должни да го известат Операторот најмалку 15 дена пред почетокот на месецот во кој сакаат да настане промената, како би се склучиле нови соодветни Договори за таа цел и би се извршиле соодветни прилагодувања во платниот систем КИБС.

Член 2

Договорните страни се обврзуваат во целост да ги почитуваат одредбите и да постапуваат согласно актите со кои се уредува работењето на платниот систем КИБС:

- Правила за работа на платниот систем КИБС и неговиот прилог Терминскиот план за работа на платниот систем КИБС;
- Технички упатства;
- Тарифата на надоместоците за извршените услуги.

Член 3

Индиректниот Учесник и Директниот Учесник се обврзуваат да ги почитуваат во целост пропишаните услови и стандарди за доверливост на информациите и заштита на податоците кои се разменуваат помеѓу учесниците во платниот систем КИБС.

Заштитата на личните податоци ќе се врши согласно важечката регулатива и интерните акти на секоја од договорните страни кои се во согласност со истата.

Член 4

Доколку настанат измени и дополнувања во одделни одредби во актите од член 2 на овој Договор вклучително и евентуални промени на нивниот назив, како и изработка и усвојување на дополнителни акти поврзани со нив, Операторот се обврзува веднаш за тоа да ги информира останатите договорни страни преку каналите за комуникација согласно Правилата. Доколку Индиректниот Учесник и Директниот Учесник пред датумот наведен во односното известување не го известат Операторот дека не се согласуваат со промените и со тоа воедно не поднесат барање за раскинување на Договорот, се смета дека се согласни со сите промени и се обврзуваат да ги почитува истите во целост.

Индиректниот Учесник и Директниот Учесник се обврзуваат да го почитуваат и секое упатство, соопштение или известување дадено од страна на Операторот во врска со користењето на услугите доколку истото не е спротивно на одредбите и целта на овој Договор.

Член 5

Операторот се обврзува да обезбеди непрекината и квалитетна услуга согласно Договорот, актите по кои работи платниот систем и законските прописи во Република Македонија и да обезбедува постојана усогласеност на актите, активностите и услугите предмет на овој Договор со регулативата применлива во Република Македонија.

Член 6

Овој Договор се склучува на неопределено време и истиот може да се менува и надополнува со Анекс кон Договорот, потпишан од сите договорни страни, во кој ќе се определи и рокот на стапување во сила на промените.

Овој Договор се смета за раскинат во случаите и на начините предвидени согласно Правилата. Договорните страни можат да го раскинат Договорот и во секое време со писмено известување, доставено до Операторот 3 месеци пред раскинувањето, освен доколку во Правилата не е поинаку определено.

Член 7

Сите спорови што ќе произлезат од овој Договор, Договорните страни се согласни да се обидат да ги решат првенствено спогодбено по мирен пат, во спротивно, за сите спорови ќе одлучува надлежниот суд во Скопје.

Член 8

Овој Договор има 2 страници и е склучен во 3 (три) идентични примерока по 1 (еден) за секоја договорна страна.

Член 9

Договорот влегува во сила со денот на потпишувањето.

Оператор на платен систем	**Индиректен Учесник во платен систем**
КИБС АД Скопје	**----------**
Генерален директор	**----------**
Горан Анастасовски	**----------**
_____	**_____**

Директен учесник во платниот систем
Посредник на индиректниот учесник

_____